# ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРИСТАПОТ ДО ЈАВНИ ДОБРА И УСЛУГИ ВО ПРИЛЕП!







**Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со која бара да се утврди директна интересекциска дискриминација од страна на Градскиот базен „Маркови Кули“ кои ги враќале граѓаните Роми и не ги пуштале внатре, додека граѓани од други етнички заедници без проблем влегувале во базенот.**

## МИСЛЕЊЕ НА КСЗД

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна интерсекциска дискриминација против Градскиот базен „Маркови Кули“ Прилеп кој дискриминирал група Роми врз основа на раса, боја на кожа, социјално потекло, етничка припадност и припадност на маргинализирана група со тоа што не им дозволил влез и користење на услугите.

Разгледувајќи ги доказите поднесени со претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека сопственикот на базенот го ограничува пристапот до јавни добра и услуги на граѓани од ромска етничка припадност врз основа на боја на кожа, расна и етничка припадност.

## СЕКОЈ ШТО ДИСКРИМИНИРА, МОРА ДА ОДГОВАРА!

Комисијата се обрати до раководството на Градскиот базен „Маркови Кули“ Прилеп за да се произнесат по тврдењето во претставката, меѓутоа во законскиот рок од 15 дена тие не одговорија.

Комисијата му препорачува на одговорното лице на Градскиот базен „Маркови Кули“ да ја отстрани дискриминацијата на начин што ќе упати јавно извинување во форма на соопштение до ромската етничка заедница за сторената дискриминација во најмалку два медиума и на нивниот јавен профил на социјалната мрежа „Фејсбук“.

CIVICA MOBILITAS

СТАНИЦА П.Е.Т. ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

декември 2021

„Содржината на овој инфографик е единствена одговорност на Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат“.